**Стандард&Пурс ја подигна прогнозата за Македонија**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје го најавува најновото рангирање на Агенцијата за кредитни рејтинзи Стандард & Пурс.

Имено, Стандард&Пурс ја подигна од „негативна“ на „стабилна“ прогнозата за идните движења на кредитните рејтинзи на Македонија.

Стандард&Пурс истовремено ги потврди важечките кредитни рејтинзи за Македонија. Агенцијата го потврди кредитниот рејтинг на Македонија за краткорочно и долгорочно задолжување во странска валута на ББ/Б и рејтингот за задолжување во домашна валута на ББ+/Б.

Потврдена е и оценката на трансферот и на конверитибилноста ББ+, како и рејтингот на враќање на македонскиот долг во странска валута на 3.

Ревизијата на прогнозата го одразува нашиот став дека попуштија надворешните притисоци со кои се соочува Македонија, изјави аналитичарот на Стандард&Пурс Каи Стикенброк, додавајќи притисоците не исчезнаа целосно.

Актуелното намалување на големиот дефицит на тековниот платен биланс, со способноста на македонската влада да привлече странски средства за финансирање ја ублажи загриженоста околу надворешната ликвидност и одржливоста на курсот на денарот во однос на еврото, смета Стандард&Пурс.

Дефицитот на платниот биланс, годинава, според очекувањата на агенцијата, ќе изнесува 8,5 насто БДП, а очекуваниот нето прилив на странски инвестиции изнесува три насто БДП.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk